# Кратко образложение за работењето на РЖ Институт АД Скопје во периодот 01.01- 31.03.2016 година

Во периодот 01.01.- 31.03.2016 година РЖ Институт се соочи со продолжена состојба од минатата година, која пак, беше исполнета со тешка наплата на побарувањата, помало искористување на капацитетите за производство, падови во планираната продажба и сл.

**Оперативните приходи** на РЖ Институт за набљудуваниот период изнесуваа 17 милиони денари, што е 32% помалку во однос на истиот период од претходната година. **Оперативните расходи** изнесуваа 23,8 милиони денари и се помали за 22% во однос на ланскиот прв квартал. Кога на оваа пресметка во предвид ќе се земе промената на залихите на готови производи и недовршено производство во висина од 600 илјади денари, РЖ Институт АД Скопје го заврши анализираниот период со оперативна загуба од 6,2 мил. денари.

Граф.1 Структура на приходи од продажба по вид на производ 01.01. - 31.03.2016




Во **структурата на приходи од продажба** (графикон 1), најголемо учество имаат следните видови на производи: торкрет маса со 27%, алуминиумски легури со 26% учество во вкупните приходи, канделабри за улично осветлување и печен доломит со по 14% и бакарните легури (уметнички и технички одлеаноци) со учество од 13% во вкупните приходи од продажба на компанијата.

Во однос на производните заводи на РЖ Институт, во приходите доминираат Заводот за ПМС кој произведува огноотпорни материјали и додатоци за челичната индустрија, а по него Заводот за бакар во кој спаѓаат леењето и изработката на технички и уметнички одлеаноци од бакарни легури, канделабри и урбана опрема, црковни ѕвона итн. Менаџментот активно работи на наплата и презема мерки на намалување на трошоците, како би можеле финансиите повеќе да ги насочиме кон Заводот за алуминиум кој до неодамна беше доминантен завод во работењето на РЖ Институт.

**Финансиските приходи** изнесуваат 2,54 милиони денари, а **финансиските расходи** изнесуваат 1,34 милиони денари. Приходите се темелат на позитивни курсни разлики (2,41 мил.денари) поради падот на девизниот курс на доларот, валута во која имаме неотплатени обврски. Што се однесува до финансиските расходи, тие се однесуваат на расходи врз основа на камати.

Кога ќе се вкалкулираат финансиските приходи, **нето-загубата** за првиот квартал од 2016 година изнесува 5 мил. денари.

Иако оваа нето загуба е над 3 пати помала во споредба со ланската нето загуба за првиот квартал (16 мил. денари), компанијата сеуште се наоѓа во фаза на заздравување од ланската година. Сеуште е актуелна ситуацијата со тешката наплата на побарувањата и како последица производството со намален капацитет, кое пак, предизвикува поголеми просечни трошоци по единица производ. Во вакви услови на работење, менаџментот е принуден да прави измени во режимот на работење со воведување на мали производни кампањи и други одлуки за намалување на трошоците со цел пребродување на кризниот период, а во насока на позитивен финансиски резултат за оваа деловна година.

**РЖ Институт АД Скопје**